# УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА НЛБ МТОКЕН

## Инсталација и активација на НЛБ мТокен




Откако ќе бидете регистрирани во системот, ќе добиете SMS порака со линк за симнување на НЛБ мТокен апликацијата. Отворете ја SMS пораката и потврдете го симнувањето на апликацијата на вашиот мобилен телефон.

***Инсталација на НЛБ мТокен на телефони со Android оперативен систем***

Симнувањето на апликацијата се прави на еден од следните начини:

- Отворете ја SMS пораката и со одбирање на линкот потврдете го преземањето на апликацијата на вашиот мобилен телефон. Набрзо ќе бидете пренасочени Google Play Store од каде ќе ја симнете апликацијата.

- Отворете го сами *GooglePlay* (*Play Store*), преку истоимената икона во менито од вашиот телефон. Одберете го пребарувачот (лупата) и впишете го називот на апликацијата која сакате да ја симнете (пр. Nlb mToken)

Кога бараната апликација ќе се појави на екранот одберете "симни (download)" и "прифати и симни (agree and download)"

***Инсталација на НЛБ мТокен на телефони со Java поддршка***

Со отворање на линкот од SMS пораката се отвора интернет пребарувач на телефонот и зпочнува преземањето на апликацијата. Вообичаено е телефонот да го праша корисникот дали сака да го започне симнувањето, на што е потребно да се одговори потврдно.

После симнувањето на апликацијата телефонот бара дозвола од корисникот за инсталација, како и одбирање на место каде што апликацијата ќе биде инсталирана. Апликацијата според зададените нагодувања се инсталира во "Java апликации", "Java свет", "Игри и програми", во зависност од мобилниот телефон.

Откако апликацијата ќе биде инсталирана, потребно е да се активира со помош на активациски код. Активацискиот код е 16 цифрен број, кој ќе го добиете во два дела, првата половина ја добивате SMS порака, а втората половина на e-mail.
При активирањето на НЛБ мТокен ќе ви биде понудена опција за внес и потврда на PIN, кој треба да се состои од најмалку 4 цифри. Овој PIN подоцна ќе се користи за влез на НЛБ мТокен.




## Активација на апликацијата

Откако сте ја инсталирале апликацијата, вклучете ја. Апликацијата вообичаено ќе се инсталира во менито Applications (некои телефони нудат опција да апликациите ги снимаат во мени Games). Апликацијата ќе Ви побара да внесете **Активациски код** кој што веќе го имате добиено во оваа e-mail порака.

***Напомена***: Ви напоменуваме дека Активацискиот код го добивате во два дела, првиот дел во sms порака, а вториот во email пораката.
За да можете да ја користите услугата, следете ги следниве чекори:




1. Откако ќе го Внесете Активацискиот код НЛБ мТокен апликацијата ќе Ви побара да дефинирате сопствен PIN број за понатамошно користење на истата. По дефинирате PIN-от на екранот ќе Ви се појави слика со знаме на земја која што ќе служи како Ваша асоцијација за PIN бројот.

Доколку знамето кое што Ви се придружува за Вашиот PIN не Ви е доволно асоцијативно, можете во секој момент да направите промена на Вашиот PIN од менито 'Промена на PIN' при што ќе добиете друга PIN асоцијација (знаме).

2. Со активирањето на апликацијата, истата веќе е функционална за користење за електронско банкарство на страната https://www.nlbklik.com.mk/.

За дополнителни информации Ве молиме обрате се на **helpdesk@tb.com.mk**.

Напомена: Со инсталација и активација на НЛБ мТокен апликацијата вашиот мобилен телефон станува платежно средство, во случај да го изгубите телефонот потребно е веднаш да се јавите на тел.15600 и да побарате вашата апликација да биде блокирана за употреба.

## Што во случај на преинсталација на апликацијата ?

Доколку во моментот на инсталација на Вашиот мобилен уред веќе постои апликација НЛБ мТокен ќе Ви се појави прашање: 'Do you want to keep existing data?'
Одговорете со 'No', и откако апликацијата НЛБ мТокен ќе се инсталира го внесувате активацискиот код и дефинирате сопствен PIN.

Забелешка: Кај Android и iPhone платформи, потребно претходно да се деинсталира старата верзија од апликацијата НЛБ мТокен.